Сојузот на дефектолози на РМ во 2013 година ја реализираше обуката **„Дијагностика и третман на развојни нарушувања“**. Обуката ја организираме во соработка со Психијатриска ординација „Др Селаковиќ“ и Центар за едукација „Торбица +“ од Р.Србија, а се одржи во Скопје на 13-14 Април по следната:

ПРОГРАМА

I. Биолошки основи на рано развојно нарушување

- Предиспонирачки фактори за настанок на развојно нарушување (РН) во рана детска возраст
- Примена на диференцијално дијагностички постапки за детектирање и идна интервенција

**Предавач: Д-р Мила Селаковиќ-невропсихијатар, субспецијалист за детска психијатрија**

II. Вовед во Сензорна интеграција

- Битни аспекти на сензорна интеграција за здравата детска популација и деца со развојно нарушување
- Физиолошка основа на сензорни рецептори и сензорен одговор
- **Предавач: Д-р Тијана Антин-лекар**

III. Патологија на говорот и јазикот кај децата со РН

- Видови говорно-јазични нарушувања кај РН
- Методологија на рехабилитациски третман
- Примена на најсоодветни материјали за работа со деца со РН

**Предавач: Светлана Торбица, дипл. деф.-Логопед**

IV. Мултидисциплинарен пристап во дијагностичко – терапевтските процедури

- Дефектолошки третман- начин на припрема на детето за понатамошна работа, напредок и развој
- Улогата на членовите во тимот
- Значењето на тимот во успешно спроведување на процедурите

Обуката беше со активно времетраење од вкупно 16 часа, составена од два дела. Првиот ден учесниците се стекнаа со современи теориски сознанија за состојбата, додека вториот ден беше во форма на работилница, каде учесниците се здобија со знаења и вештини за практична имплементација на методите во професионалната практика.

Поради голем интерес обука беше повторена на 1-2 јуни 2013 година, и двете обуки беа посетени од вкупно 90 стручни лица и тоа дефектолози, педијатри, логопеди, психолози и наставници. Учесниците добија материјали, прирачници за практична примена на наученото во секојдневната работа, како и сертификат за активно учество на обуката.